РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-16
07.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје**

**За:**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

**Предмет:** **Известување за Претставка за примената на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица**

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. УПП 03/16 од 24.09.2024 г.) со реакција за недоследна уредувачка примена на предупредувачката сигнализација за третата категорија програма (12+), во епизоди од серијалите: „9-1-1/Итна служба“, „Полициска крв (Blue blood)“ и „Приказната за Севда“, емитувани на 11, 18 и на 23/24 септември 2024 година, како и за неправилна примена на сигнализацијата за програмите од втора категорија (8+).

Агенцијата направи увид во програмата на ТВ Сител при што констатираше дека:

- Проблемот со недоследното аплицирање на сигнализацијата за третата категорија програма (12+) е резултат на техничка небрежност, а не на уредувачка неодговорност, евидентно од споредбената анализа со епизодите на наведените серијали емитувани во периодот од 3 до 7 септември 2024 година;

- Предупредувачката сигнализација за програмите од втора категорија (8+) неправилно се применува и во промотивните најави за програмите, и пред почетокот и за време на емитувањето на програмите. Во сите случаи од сигнализацијата недостигаат важни елементи кои укажуваат на возрасната група гледачи за која е наменета програмата. Агенцијата го констатираше ова и со редовниот програмски надзор од септември за што е подготвен посебен извештај за констатиран прекршок и е предложено изрекување мерка јавна опомена.

Укажуваме дека е неопходно правилно користење и доследност во примената на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица за да не се збунува публиката за природата на емитуваните содржини.

Повеќе детали за поднесената претставка и за одговорот со наодите од увидот во програмата, достапни се на веб страницата на Агенцијата https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**